Јавна здравствена установа
Институт за трансфузиона медицина
на Република Северна Македонија
Institucioni publik shëndetësor
Instituti për mjekësi të transfuzionit i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02/38
16.02. 2023 год./viti
Скопје / Shkup

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
Мајка Тереза 17 Скопје тел.3226 923 факс 3119 -227

БИДЕТЕ ДОБРОВОЛЕН ДАРИТЕЛ НА КРВ • BE VOLUNTARY BLOOD DONOR •
www.itm.org.mk

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РСМ – Скопје ЗА 2022 ГОДИНА

Февруари, 2023

И З В Е Ш Т А Ј
ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА
ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина на РСМ- Скопје
за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:

Менаџмент	Име и презиме	Статус	Назначен од
Директор лекар	Д-р.суб.спец. Седула Усеини	директор	од 29.03.2018 до 31.12.2022
Директор економист	М-р Венко Стомнароски	директор	од 13.01.2020 до 31.12.2022

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ е институција со основна дејност собирање, преработка и дистрибуција на крв и компоненти со седиште ул.Мајка Тереза бр.17 Скопје. Институтот е институција која ја врши својата дејност на целата територија организирана со Регионални центри и подружници на целата територија на РСМ во која на 31.12.2022 беа вработени 364 вработени во редовен работен однос од кои 12 вработени беа на товар на ФЗОМ и 39 времено вработени работници по основ на договор за дело.

Структура на вработени на 31.12.2021 година:

Работно место	Број на работници на неопределено и определено време 2021	Број на работници на неопределено и определено време 2022	Број на вработени работници по договор за дело 2021	Број на вработени работници по договор за дело 2022
Доктор по медицина	69	76	1	3
Мед. Лаб.сест. и фарм. Тех.	176	171	18	19
Биолози, психол. и др.	33	26	0	0
Администс. и технички перонал	84	81	17	17
ВКУПНО	**362**	**354**	**36**	**39**

Во следната табела е прикажана структурата на вработени (вклучително и вработените кои се на боледување):

Вработени	31.12.2016	31.12.2017	31.12.2018	31.12.2019	31.12.2020	31.12.2021	31.12.2022
Медицински кадар	259	252	286	310	301	278	273
Немедицински кадар	67	67	69	84	92	84	81
Вкупно	326	319	355	394	393	362	354

Констатација:

- Од горенаведената табела може да се констатира дека вкупниот број на вработени во 2022 година е намален за 8 вработен кои се заминати во пензија..

Организациска поставеност на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ



Јавна здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија - Скопје
Public health institution Institute for transfusion medicine of the Republic of North Macedonia - Skopje

2.ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и раходите, проценувањето на билансните позиции, револаризацијата, финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ се водени согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници односно врз основа на прописи кои важат (трезорски систем на работење) каде приходите и расходите се прикажуваат врз основа на наплатена реализација и согласно процедурите и сметководствените политики кои ги има усвоено Институтот.

Сметките на Институтот се во Трезорот на ФЗОМ с-ка 100000000066005 и тоа:

Буџетска сметка	660250005**737**13
Сметка сопствени средства	660250005**531**49
Сметка донации	660250005**485**90

	2019 година	2020 година	2021 година	2022 година	2021/20 22 %
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**791.565.292**	**883.354.986**	**836.174.320**	**1.075.489.850**	**128,62**
• **БУЏЕТСКА СМЕТКА**	463.215.000	532.595.000	570.241.888	643.630.000	112,87
• **С-КА СОПСТВЕНИ ПРИХ.**	327.619.545	350.030.239	265.202.685	431.130.103	162,57
• **ДОНАЦИСКА СМЕТКА**	729.747	729.747	729.747	729.747	100
ВКУПНИ РАСХОДИ	**789.721.603**	**882.529.273**	**834.752.457**	**1.070.540.918**	**128,25**
• **БУЏЕТСКА СМЕТКА**	463.216.000	532.595.000	570.241.888	643.630.000	112,87
• **С-КА СОПСТВЕНИ ПРИХ.**	326.505.603	349.934.273	264.510.569	426.910.918	161,40
• **ДОНАЦИСКА СМЕТКА**	0	0	0	0	
БРУТО ДОБИВКА – ПРЕНОС ЗА НАРЕДНА ГОДИНА	**1.843.689**	**825.713**	**1.421.863**	**4.948.932**	**348,06**
• **БУЏЕТСКА СМЕТКА**	0	0	0	0	
• **С-КА СОПСТВЕНИ ПРИХ.**	1.113.942	95.966	692.116	4.219.185	609,61
• **ДОНАЦИСКА СМЕТКА**	729.747	729.747	729.747	729.747	100
ПРЕСМЕТАН ДАНОК ПО ДБ	**421.005**	**287.128**	**249.796**	**113.083**	**45.27**
ПЛАТЕН ДАНОК АКОНТАЦ.	**288.252**	**395.919**	**327.528**	**276.028**	**84,276**
ДАНОК ЗА ВРАЌАЊЕ/ПЛАЌАЊЕ	**132.753**	**-108.791**	**-77.732**	**-162.945**	**209,67**

АНАЛИЗА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

2.1 Приходи во период од 2014 до 2022 година

А. ФЗОМ

Приходи од ФЗОМ	2014+ 2015 година	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година	2021 година
Фактурирано	792.112.599	461.144.296	495.748.294	430.946.897	**499.257.021**	**499.443.049**	**640.891.141**	**658.842.850**
Наплатено	703.000.000	393.000.000	431.000.000	416.228.000	**463.216.000**	**532.595.000**	**570.241.888**	**643.630.000**
Повеке/помалку фактурирано	**89.112.599**	**68.144.296**	**64.748.294**	**14.718.897**	**36.041.021**	**-33.151.951**	**70.649.253**	**15.212.850**
Вкупно повеќе фактурирано 2014-2022 год.								**325.361.259**

Наплатено од ФЗОМ 643.630.000
Фактурирано на ФЗОМ 658.842.850
Повеке фактурирано **15.212.850 (записник ФЗОРСМ отпис)**

Приходи-Буџетски средства

Во 2022 година Институтот има повеке фактурирано до ФЗОРСМ во износ од ***15.212.850*** што изнесува за 2,36 % повеке во однос на конечно доделениот буџет за 2022 година
Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2022 изгледаат како што следи:

- 6,28% или 54.521.460 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 48,96% или 322.543.970 денари – специјалистика лабораторија
- 42.77% или 281.777.420 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 658.842.850 денари ВКУПНО

Во 2021 година Институтот има повеке фактурирано до ФЗОРСМ во износ од **70.649.253** што изнесува за 12,39 % повеке во однос на конечно доделениот буџет за 2021 година
Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2021 изгледаат како што следи:

- 6,84% или 43.856.690 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 40,91% или 262.193.143 денари – специјалистика лабораторија
- 52.25% или 334.841.307 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 640.891.140 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2020 изгледаат како што следи:

- 8,87% или 44.300.550 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 42,61% или 212.815.182 денари – специјалистика лабораторија
- 48.52% или 242.327.317 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.443.049 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2019 изгледаат како што следи:

- 12,21% или 60.966.710 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 49,83% или 248.803.521 денари – специјалистика лабораторија
- 37.95% или 189.486.790 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.257.021 денари ВКУПНО

Б. Приходи

По програми или други видови на приходи од Министерство за здравство

Приходи од буџет	Салдо + 2015 година	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година	2022 година
Фактурирано	9.260.200	0	6.240.000	4.634.548	4.575.000	27.339.153	12.120.450	15.077.360
Реализирано	237.000	237.000	0	1.467.300	7.563.850	6.391.860	8.468.160	20.231.160

Побарувањата од МЗ на 31.12.2021 година изнесува вкупно 34.650.381 денари. Фактурирањето кон МЗ се однесува главно по програми на лицата за хемофилија, програми за бремени и програми за трансплантација.

Остварените сопствени приходи се остварени од следниве приходи:

Конто	Приходи	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година	2022 година
723019	Приходи од обука и образование	243.807	**626.015**	**804.380**	**274.568**	**827.299**
723220	Приходи од крв и крвни деривати	123.048.656	**144.833.133**	**137.763.444**	**104.464.108**	**165.465.965**
723819	Приходи од здравствени услуги	111.690.922	**139.691.947**	**178.707.654**	**118.415.742**	**210.153.275**
723911	Приходи од закуп	0	**7.590**	**66.288**	**13.662**	**0**
723922	Приходи од осигурување	0	**0**	**0**	**0**	**111.150**
725939 по ново 723811	Приходи од приватни пациенти	10.928.952	**10.445.821**	**9.072.824**	**11.502.448**	**9.143.202**
725939	Останати неданочни приходи	0	**0**	**0**	**1.074.664**	**336.098**
7259394	Приходи од вратени аванси	34.170	**4.450**	**7.700**	**0**	**0**
7259395	Приходи од враб. (паркинг, казни и др.)	185.906	**379.829**	**218.850**	**274.186**	**610.882**
7259397	Приходи од погрешни уплати и др. уплати		**208.466**	**2.800**	**0**	**0**
725946	Приходи од партиципација	20.511.390	**23.347.160**	**15.869.097**	**20.619.181**	**23.558.956**
725947	Приходи од наплатени штети			**11.400**	**0**	**0**
741112	Приходи од МЗ по програми	1.467.300	**7.563.850**	**6.391.860**	**8.468.160**	**20.231.160**
741114	Пренос на добивка од минати години	2.985.480	**489.859**	**1.113.942**	**95.966**	**662.116**
744111	Приходи од донации	2.423.645	**21.425**	**0**	**0**	**0**
Вкупно сопствени приходи:		**273.520.228**	**327.619.545**	**350.030.239**	**265.202.685**	**431.130.103**

Приходи-Сопствени средства

Институтот за трансфузиона медицина на РСМ пред се е основан со главна дејност обезбедување на крв и крвни компонети на граѓаните на РСМ. Со својата дејност е единствена таква институција во РСМ. Своите сопствени приходи ги оставрува токму од оваа дејнотст собирање, преработка и дистрибуција на крв и крвни компоненти на сите здравствени ЈЗУ и ПЗУ кои имаат потреба од нашите услуги при лекување на болните. Во 2022 година како што може да се забележи и од горната табела, Институтот оваа година бележи зголемување на сопствени приходи. Имено во 2022 година приходите се зголемени во однос на 2021 година во вредност од 165.927418 денари. Зголемената наплата пред се се должи на активностите што ги презема ФЗОРСМ кој им наложи и

им додели буџети за плакање кон нашата институција. Покрај тоа гоел дел од побарувањата е наплатен врз основа на преземени активности од стручните служби на Институтот како склучувања на договори за плакање на рати во вредност од 73.721.028 денари како и поднесени и добиени туѓби во вредност од 36.253.092 денари

Имено во однос на почетно планираниот финансики план кој изнесуваше 300.000.000 денари Институтот успеа да наплати износ од 431.130.103 денари што е за 131.130.103 денари повеке. Сето ова се одрази и на намалување на обврските на Институтот.

Приходи-Донации

Во 2022 година сметката за донации немаше остварено никаков промет па единствен приход на оваа сметка согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници преставуваа пренесените средства од минатата година во износ од 729.747 денари.

2.2 Расходи во 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година

Споредбена табела на остварени расходи :

Конто	Опис	Потрошено во 2018 година	Потрошено во 2019 година	Потрошено во 2020 година	Потрошено во 2021 година	Потрошено во 2022 година
1	*2*					
40	Плати и надоместоци	204.061.476	**232.135.655**	**289.449.882**	**269.582.766**	**270.864.355**
420	Патни и дневни расходи	1.409.828	**1.110.790**	**524.933**	**1.368.954**	**2.580.376**
421	Комунални услуги (греење, комун. транс.)	12.111.379	**14.906.223**	**13.479.029**	**12.772.053**	**23.088.017**
423	Материјали и ситен инв.(храна, лекови, мед. м-ли; канц.м-ли,	394.876.381	**459.974.531**	**511.416.227**	**481.605.711**	**688.439.577**
423510	лекови	216.734.713	239.425.757	249.138.323	294.546.976	318.445.784
423590	Медицински материјали	162.040.827	201.105.698	240.732.156	166.352.745	350.662.675
423****	Ситен инвентар, храна, канц, хигиена,и др	16.100.841	19.443.076	21.545.748	20.795.990	19.331.118
424	Поправка и тековно одржување	6.297.430	**6.596.030**	**9.274.702**	**12.101.242**	**11.211.810**
425	Договорни услуги	43.576.846	**33.452.257**	**22.713.265**	**28.053.817**	**46.770.043**
426	Други тековни расходи	2.480.283	**1.209.734**	**1.714.568**	**9.806.429**	**2.103.902**
464	Разни трансфери-испрат пензија	0	**0**	**0**	**1.248.362**	**495.302**
465	Исплати по извршни исправи	0	**0**	**0**	**0**	**0**
480	Купување на опрема и машини	19.711.363	**26.240.178**	**21.858.964**	**15.469.132**	**11.632.150**
481	Градежни објекти	4.733.383	**6.862.649**	**6.459.739**	**17.540**	**7.157.993**
483	Купување на мебел	0	**9.500**	**14.870**	**0**	**24.544**
485	Компјутерски софтвер	0	**0**	**463.050**	**835.500**	**500.000**
486	Купување на возила	0	7.224.056	**5.160.044**	**1.890.951**	**5.672.849**
Вкупно		**689.258.369**	**789.721.603**	**882.529.273**	**834.752.457**	**1.070.540.918**

Во текот на 2022 година има зголемување на расходите од работењето што се должи пред се на зголемување на приходите. Зголемувањето на расходите во 2022 година во однос на 2021 година изнесува 236.188.371 денари.

Раходите за платите и дневниците за службени патувања се на на исто ниво како во 2021 година додека кај Комуналните услуги се бележи речиси дупло зголемување односно во износ од 10.315.964 денари или 80,76% во однос на 2021 година што се должи на енергетската криза а пред се на зголемување на трошоците за електрична енергија и, гас и затоплување

Потрошените средства за Материајли и ситен инвентар кои покажуваат зголемување во износ за 206.833.866 денари генерално се должи на зголемената наплата на средства како и зголемениот буџет од страна на ФЗОРСМ кој оваа година во однос на 2021 година беше зголемен за 73.388.112 денари или за 12,87%.

Трошоците на конто 424 Поправки и тековни одржувања се на исто ниво како во 2021 година..

Структура на конто 425: Договорни услуги

Конто	Опис	Износ на 31.12.2018 год.	Износ на 31.12.2019 год.	Износ на 31.12.2020 год.	Износ на 31.12.2021 год.	Износ на 31.12.2022 год.
425130	Изнајмување на друг тип простор	382.119	**217.630**	**499.140**	**449.140**	**697.983**
425220	Банкарска провизија	289.423	**303.556**	**314.963**	**344.927**	**350.632**
425230	Осигурување на вработени	33.546	**40.853**	**42.627**	**8.814**	**49.636**
425250	Осигурување на недвижности и права	94.119	**135.750**	**120.641**	**100.520**	**245.040**
425260	Осигурување на моторни возила	112.460	**89.881**	**193.348**	**121.126**	**189.041**
425310	Правни-адвокатски услуги	605.213	**740.230**	**464.036**	**305.825**	**331.943**
425320	Судски вештачења	4.122	**60.000**	**64.620**	**0**	**108.783**
425360	Плаќања на судски такси	68.575	**1.382.474**	**18.450**	**2.005**	**56.435**
425490	Здрав. услуги на осигуреници	356.999	**515.663**	**244.907**	**272.710**	**213.211**
425790	Други образовни услуги	1.554.073	**1.757.054**	**1.961.000**	**1.738.030**	**2.644.125**
425910	Преведување	11.849	**163.273**	**20.208**	**0**	**0**
425920	Услуги за копирање и печатење	13.196	**13.521**	**42.372**	**0**	**1.248**
425970	Консултантски услуги	/	**898.350**	**216.825**	**0**	**0**
425980	Надзор за градезни работи	70.092	**163.548**	**176.451**	**71.980**	**0**
425990	Др.неспо. дог. услуги-компезации со ЈЗУ	27.429.465	**17.641.495**	**16.628.142**	**12.227.582**	**28.005.073**
4259901	Др.договорни услуги-допол. дејн.	0	**0**	**1.623**	**1.155.318**	**158.493**
4259903	ДОГОВОР ЗА ДЕЛО	10.508.634	**7.896.989**	**1.491.666**	**9.552.962**	**11.673.221**
42599033	Персонален данок дог. дело	1.167.621	**807.544**	**165.134**	**1.061.420**	**1.297.120**
4259904	Терен на лица дог. дело	619.800	**394.000**	**37.000**	**274.500**	**438.950**
42599044	Персонален данок терен надвор	68.868	**43.774**	**4.112**	**30.508**	**48.764**
425990***	Испитни комис.тендер комисии и данок	0	**0**	**6.000**	**286.450**	**260.345**
Вкупно за конто 425		**43.406.174**	**33.265.585**	**22.713.265**	**28.053.817**	**46.770.043**

Зголемената потрошувачката евидентирана на конто 425 Договорни услуги во износ 18.716.226 денари во однос на 2021 година се должи на зголемени обврски кои се платени по пат на комензации со ЈЗУ низ РСМ каде има склучени договори за услуги (режиски трошоци и сл.). Треба да се напомене дека сите подружници на Институтот се наоѓаат во објектите на ЈЗУ и како дел од нив учествуваат во нивните одржувања и тековни трошоци а ние вршиме дистрибуција на крв и крвни компонети и услуги па отаму доаѓаат и меѓусебните побарувања/обврски.

Структура на конто 426: Други тековни расходи

Конто	Опис	Износ на 31.12.2018 год.	Износ на 31.12.2019 год.	Износ на 31.12.2020 год.	Износ на 31.12.2021 год.	Износ на 31.12.2022 год.
426110	Членарина мегународни организации	**0**	**28.220**	**0**	**140.360**	**139.540**
426120	Членарина домашни организации	88.600	**77.100**	**11.113**	**3.900**	**40.010**
426210	Расходи за репрезентација	424.289	**113.680**	**44.746**	**54.144**	**41.501**
426310	Семинари	41.833	**96.700**	**22.720**	**0**	**0**

426410	Објавување на огласи	312.285	**409.327**	**491.807**	**395.093**	**366.499**
426990	Др. оперативни трошоци – повраќај на пари	166.678	**245.951**	**201.043**	**49.392**	**158.357**
4269900	Др. опратив. трошоци - повраќај на донации	1.211.612	**0**	**0**	**0**	**208**
4269902*	Управен одбор	429.000	**492.000**	**492.000**	**492.000**	**478.000**
42599022*	Перонален данок – чл.на У.О.	47.238	**54.684**	**54.684**	**54.684**	**53.128**
4269904	Аконтација данок на добивка	234.986	**238.263**	**395.919**	**218.737**	**198.296**
426990**	Награди, наст ден и даноко	0	0	0	402.535	628.363
426990B	Бонуси-Награди и данок па вработени	0	0	0	7.995.614	0
Вкупно за конто 426		**2.956.521**	**1.755.925**	**1.714.032**	**9.806.429**	**2.103.902**

Во **2022 година** на конто 426 - Други тековни расходи изнесуваат вкупно 2.103.902 денари што е на за 7.702.527 денари на 2021 година.
Намалувањето на расходите за Други тековни расходи се должи пред се на неисплатување бонуси во 2022 година кои во 2021 година, со добивање средства од ФЗОРСМ, беа исплаќани поради состојбата и ангажманот окулу КОВИД пандемијата

3. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

3.1 Анализа на побарувања на ЈЗУ

ПОБАРУВАЊА		**Состојба на 31.12.2018**	**Состојба на 31.12.2019**	**Состојба на 31.12.2020**	**Состојба на 31.12.2021**	**Состојба на 31.12.2022**
Конто 1200	Побарувања од Министерство за здравство	18.193.448	**15.204.598**	**36.151.891**	**39.804.181**	**34.650.381**
Конто 1220	Побарувања од ЈЗУ Општи Болници, Здравствени домови	174.718.859	**171.316.640**	**148.479.243**	**202.263.415**	**152.536.632**
Конто 1221	Побарувања од ЈЗУ Универзитетски клиники	197.006.677	**173.020.206**	**148.680.355**	**203.850.957**	**186.508.572**
Конто 1222	Побарувања од купувачи-останати	158.958	**88.870**	**92.360**	**1.400**	**0**
Конто 1223	Побарувања од купувачи-странци	0	**0**	**0**	**73.010**	**0**
Конто 1224	Побарувања од ПЗУ	8.200.555	**11.005.579**	**5.676.349**	**5.446.599**	**6.327.649**
Конто 1225	Побарувања од јавни нездравствени установи		**137.344**	**892.611**	**1.164.731**	**1.308.951**
Конто 1226	Побарувања од др.за закуп и струја	0	**0**	**79.200**	**82.097**	**0**
Конто 1229	Спорни – сомнителни побарувања	3.473.615	**3.473.615**	**3.473.615**	**3.473.615**	**3.473.615**
Конто 1300	Аванси	0	**0**	**0**	**74.790**	**0**
Конто 1509	Краткорочни побарувања (од вработенит по разни основи)	17.199	**33.011**	**22.457**	**88.470**	**178.943**
Конто 1740	Аконтации за данок од добивка	318.153	**288.252**	**395.919**	**327.528**	**276.028**
Вкупно		**402.087.464**	**374.568.115**	**343.944.000**	**456.650.793**	**385.260.771**

Побарувањата на Институтот во однос на 2021 година изнесува помалку за 71.390.022 денари што се должи на зголемената наплата на побарувањата, пред се побарувањата од минатите години.
Зголемената наплата пред се се должи на активностите што ги презема ФЗОРСМ кој им наложи и им додели буџети за плакање кон нашата институција. Покрај тоа голем дел од побарувањата е наплатен врз основа на преземени активности од стручните служби на Институтот како склучувања на договори за плакање на рати во вредност од 73.721.028 денари како и поднесени и добиени предмети по основ тужби во вредност од 36.253.092 денари
Во 2022 година по основ на крв и крвни продукти како услуги дадени на ЈЗУ и ПЗУ Институтот има фактурирани износ од 310.893.978 денари што е за 21.577.325 денари помалку во однос на 2021 година кога беа фактурирани 332.471.303 денари што се должи на намалениот број на услуги кои ги побарале ЈЗУ од причина што добар дел од ЈЗУ купија апарати за изработека на анализи кои беа поврзани со пандемијата..
Зголемениот обем на наплата ги намали и обврските на Институтот према добавувачите што е евидентно во делот Обврски.
Треба да се напомене дека во 2022 година од ПЗУ се наплатени вкупно 21.348.092 денари. Побарувањата во 2022 година од овие ПЗУ во однос на 2021 година бележат благ пораст но се се сведува на тековни побарувања.

3.2 Анализа на обврските на ЈЗУ

Табела на обврски:

Р. Бр.	Назив на добавувач кон кој ЈЗУ има обврска / долг	Обврски 31.12.2018	Обврски 31.12.2019	Обврски 31.12.2020	Обврски 31.12.2021	Обврски 31.12.2022
1.1	ЈЗУ КЛИНИКИ	700.310	231.858	180.355	348.452	167.572
1.2	ЈЗУ ОПШТИ БОЛНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ	5.024.386	4.794.261	3.432.173	6.937.735	6.692.772
	ВКУПНО ЈЗУ	***5.724.696***	***5.026.119***	***3.612.528***	***7.286.187***	***6.860.344***
2.1	**Добавувачи за основни средства**	7.874.099	10.633.544	1.008.475	12.651.905	5.335.895
2.1	**Добавувачи за лекови**	203.147.912	150.410.012	130.815.275	166.851.710	106.429.600
2.2	**Други добавувачи материјали**	148.440.794	155.426.844	120.457.590	221.839.316	145.810.735
	ВКУПНО добавувачи	***359.462.805***	***316.470.400***	***252.281.340***	***401.342.931***	***257.576.230***
3.1	***Вкупно останати обврски***	***75.897***	***96.563***	***278.788***	***221.575***	***129.122***
3,2	***Плати***	***17.288.947***	***20.037.252***	***22.649.677***	***21.487.180***	***22.226.306***
	ВКУПНО ОБВРСКИ	**382.552.345**	**341.630.334**	**278.822.333**	**430.337.873**	**286.792.002**

Обврските на ЈЗУ се намалија во однос на 2021 година за износ од 143.545.871 денара што преставува големо намалување на обврските на Институтот. Обврските се намалија пред се поради зголемената наплата на побарувањата кои директно се рефлектираа и на намалување на обврските. .
Во 2022 година имаме склучено Договор за солемизација и тоа со добавувачот Др. Пановски и добавувачот Авицена кои се откажаа од каматни побарувања а долгот се исплаќа на рати.
Треба да се напомене дека Институтот нема заостанати долгови по однос на режиски трошоци туку обврските пред се се однесуваат на обврски за лекови, реагенси и други медицински материјли каде учествуваат со дури 85,92% од вкупните обврски што детално може да се види од следната табела.

Р. Бр.	Категорија на добавувачи кон кој ЈЗУ има обврска / долг	% на учество во вкупните обврски на 31.12.2022
1	Добавувачи ЈЗУ клиники, општи болници и ЗД	2,39 %
2	Добавувачи за основни средства	1,86 %
3	Добавувачи за лекови	37,1 %
4	Други добавувачи реагенси и др. Мед материјали	48,81 %
5	*Останати обврски за услуги резиски тросоци и др немедицински материјали*	*2,04 %*
6	*Плати*	*7.79 %*
	ВКУПНО % на ОБВРСКИ	100 %

Вкупно стасаните и доспеани обврски на 31.12.2022 година изнесуваат 172.321.191 денари или 60,08% а структурата може да се види во следната табела:

Р. Бр.	Категорија на добавувачи кон кој ЈЗУ има обврска / долг	Иснос на учество во вкупните доспеани обврски на 31.12.2022
1	Добавувачи ЈЗУ клиники, општи болници и ЗД	4.569.849
2	Добавувачи за основни средства	3.897.710
3	Добавувачи за лекови	59.489.466
4	Други добавувачи реагенси и др. Мед материјали	82.008.738
5	*Останати обврски за услуги резиски тросоци и др немедицински материјали*	*129.122*
6	*Плати*	*22.226.306*
	ВКУПНО ДОСПЕАНИ ОБВРСКИ	172.321.191

ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Состојба на Сметките-паричните средства

Салдо на сметка (збирно во денари)	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *	31.12.2021 *	31.12.2022 *
Износ	0	0	0	0	0

**буџетска сметка*

Салдо на сметка (збирно во денари)	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *	31.12.2021 *	31.12.2022 *
Износ	489.859	1.113.792	40.263	614.736	4.219.185

**сопствена сметка*

Салдо на сметка (збирно во денари)	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *	31.12.2021 *	31.12.2022 *
Износ	729.747	729.747	729.747	729.747	729.747

**сметка донации*

5.2 Залихи на готови производи

Залихата на готовите производи на 31.12.2022 година е во вкупен износ од 22.415.880 денари што е за 6.533.528 денари повеке од 2021 гдина кога залихата изнесувала 15.882.352 денари што покажува дека има доволна количина на готови компоненти на крв за потребите на пациентите во РСМ. Зголемената количина на залихите настаната е поради зголемениот број на дарители во 2022 година во однос на 2021 година. Во 2022 година немаше недостаоци на крв и крвни компоненти. Во 2022 година се работеше да се докомлетира и Софтверот за евиденција на патот на крвта и крвните компоненти е-ДЕЛФИН што веруваме дека ќе дојде до подобра контрола и квалитет на целокупниот процес на крвта и крвните компоненти како во делот на квалитетот на компонентите и сигурната крв така и во делот на евидентирање како и финансиска евиденција на истите.

6. ЈАВНИ НАБАВКИ

Од страна на здравствената установа изработен е план за јавни набавки за 2022 година, согласно правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки и истите се донесени со Одлуки на управен одбор како и измените на Годишниот план за ЈН кои се спроведени во текот на годината.

Во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија – Скопје има одделение за Јавни набавки во кој се вработени 2 (две) лица за јавни набавки кои се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки и две лица кои дополнително се вклучуваат во работењето на одделението согласно потребите од кои соодветна потврда за положен испит за јавни набавки. имаат три лица.
Постапките за Јавни набавки ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија - Скопје, ги спроведуваше самостојно со исклучок на набавките за Лекови-Фактори на коагулација како и постапката за набавка на гас за греење кој беа доделени на Министерството за здравство на РСМ.
Во 2022 година спроведени се вкупно 65 постапки од кои 14 набавки од Мала вредност и склучени се договори во вредност од 3.836.078 денари без ДДВ, 38 набавки со Поедноставена отворена постапка и склучени се договори во вредност од 58.182.500 денари без ДДВ, 13 набавки со Отворена постапка од кои 8 биле огласени во меѓународно гласило и склучени се договори во вредност од 326.383.431 денари без ДДВ Спроведени се 2 набавки преку Е-каталог и склучени се 2 договори со вкупна вредност од 597.000 денари без ДДВ.
Од набавките склучени се вкупно 74 договори во вкупна вредност од 388.999.009 денари без ДДВ.

Во 2022 година Институтот на барање на Мининстерството за здравство во наше име распиша 4 тендера со Отворена постапка за кои се склучија 2 договори за гас со вкупна вредност од 5.343.784 денари без ДДВ, еден договор за одржување на хигиена во клинички центар на вредност од 240.000 денари и една постапка за Лекови фактори на коагулација која е во тек.

Директор-лекар на ЈЗУ
Д-р.суб.спец. Седула Усеини _____

Директор економист
М-р Венко Стомнароски _____

Раководител на сектор за МФР, Сметководство и ЈН
Дипл. Ек. Боби Божиновски _____